**ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО**
**СПИ-12/24**
**02.07.2024 година**
**К у м а н о в о**

**Р.**

Врз основа на член 20 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019) и согласно одредбите на Упаството за споведување на Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.60/20), постапувајќи по Барањето за пристап на информацији од јавен карактер, поднесено на 25.06.2024 година од извршител Лазар Петровски …., Основниот суд Куманово, преку Одговорно лице за посредување на информации од јавен карактер, Претседател на судот, Судијата Снежана Манев, на ден 02.07.2024 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, поднесено од извршител Лазар Петровски…, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **СЕ УВАЖУВА.**

- согласно член 20 став 1 и член 24 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**О б р а з л о ж е н и е**

Пред овој суд барање за пристап до информации од јавен карактер на 25.06.2024 година, поднесе извршител Лазар Петровски…., со кое побара:

- Дали против решение на Основен суд Куманово СТ.бр.116/09 од 09.02.2012 година, се поднесени жалби против истото, дали се донесени и други решенија и дали истите се правосилни.

Судот постапувајќи по барањето за пристап на информацији од јавен карактер, изврши проверки во нашата евиденција, односно во АКМИС-систем утврди дека во Основен суд Куманово е заведен предметот Ст.бр.116/09, а со решение Р.бр.79/13 од 31.10.2013 година на Врховен суд на РСМ, се определува Основен суд Велес, за стварно надлежен да постапува по предметот Ст.бр.116/09, така што, списите по предметот на 25.11.2013 година се доставени до Основен суд Велес.

Основен суд Куманово, СПИ - 12/24 од 02.07.2024 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер рок од 15 дена од прием на Решението.

Одговорно лице за посредување Информации
од јавен карактер при Основен суд Куманово на
Претседател на Основен суд Куманово
Судија
Снежана Манев

Службено лице за посредување со
Информации од јавен карактер при
Основен суд Куманово
Судски советник
Мирјана Максимовска